

# Типови на сонатите за пијано од Јозеф Хајдн

Проф. д-р Милица Шкариќ

- -- **Карл Филип Емануел Бах,** според многумина, е татко на класичната соната. Неговиот стил на компонирање го овозможил формирањето на почетниот класичен сонатен став. Напишал повеќе од 150 сонати, кои претежно се напишани во три става (брз-бавен-брз).
- Посебно се значајни неговите **6 Пруски сонати** Wq.48 (1742), **6 Вуртембершки сонати** Wq.49(1744) и **6 Сонати за дами** Wq.54 (1770). Во сонатите за дами, К. Ф. Е. Бах оформил специфичен женски израз и сензибилитет, кој подоцна Хајдн го доразвил во неговите сонати за дами.
- (Втора соната II став Марковина)

(Прва соната I став К. Царет)



**К. Ф. Е. Бах**

(1714-1788)

- **К. Ф. Е. Бах** е еден од главните претставници на **empfindsamer Stil** или **Empfindsamkeit** (герм. сентименталност, чувствителност), кој се појавил во северна Германија и се одликувал со голема осетливост.
- Музиката за клавишни инструменти во овој стил се состои од брзо менување на расположенијата, прекинуван континуитет, голема употреба на орнаменти, паузи со исчекување, несигурни и чести дисонантни хармонии, а изведбата бара интензивна лична инволвираност (Ratner, 1980).

Појавата на empfindsamer Stil била идеална за примена во сонатната форма. Овој стил се појавува и во некои од сонатите на Хајдн.

Во времето на Хајдн **сонатата** се сметала за најзначајна музичка форма во музиката за пијано (Türk, 1789). Често се правеле споредби помеѓу реториката и музиката, во однос на чистотата, пунктуацијата, акцентите и останатите аспекти на музичката изведба. Според Турк, сонатата ја имала ретката моќ за музичко-поетски израз на разни мисли, емоции и страсти. Галантниот стил го заменил барокниот и овозможил поголемо индивидуално самоизразување.

- Под влијание на К.Ф.Е. Бах и неговиот трактат *Есеј за вистинската уметност на свирење клавишни инструменти* кој **Ј. Хајдн** го нарекол „школа на сите школи“, Хајдн продолжил да ја развива сонатната форма. Тој е првиот композитор кој почнал да го гради првиот сонатен став со експозиција, развоен дел и реекспозиција.
- Хајдн е автор на 62 клавирски сонати од кои 18 се напишани во помладите години (три од нив се со сомнителна автентичност), а останатите се вбројуваат во неговото зрело творештво.

- Во периодот од околу 1755 до 1796 година, време во кое Хајдн ги компонирал неговите клавирски дела, коегзистирале чембалото, клавикордот и фортепијаното. Според веродостојни извори наведени од музикологот Ласло Зомфаи (Somfai, 1995):

- сѐ што Хајдн компонирал до 1770 година е напишано за чембало;

- За клавирската музика која Хајдн ја напишал помеѓу 1770 и 1789 година, не може со сигурност да се каже дали е наменета исклучиво за чембало или за пијанофорте. Тоа најчесто се одредува споредод динамичките ознаки и акцентите во делото.

- Хајдн дури во 1784 година за прв пат во негово клавирско трио со своја рака ја напишал ознаката „за пијанофорте како алтернатива за чембало.“ Во 1789 година Хајдн за прв пат станал сопственик на пијанофорте направено од Шанц (Schanz) и дури од тогаш па натаму може со сигурност да се тврди дека целиот опус напишан во тој период е наменет за пијанофорте.
- За толкување на Хајдновата орнаментика неопходно е познавање на трактатот К. Ф. Е. Бах, како и трактатите од Леополд Моцарт (Mozart, 1756), Јохан Јоахим Кванц (Quantz, 1752), Даниел Готлиб Турк (Türk, 1789) и Георг Симон Лелајн (Löhlein, 1773).

- Од денешните изданија за проблематиката на изведбата на Хајдновата клавирска музика, извонредни дела се:

- ***Клавирските сонати од Јозеф Хајдн*** од **Ласло Зомфаи** (Somfai, 1995);
- ***Изведба на музиката за пијано од класичниот стил*** од **Сандра Розенблум** (Rosenblum,1988).

- Првите 18 сонати напишани во помладите години на Хајдн (вклучително со тие кои се со сомнителна автентичност) содржат ***менует*** како среден или понекогаш како последен став. Секоја од нив има најмалку ***еден став*** во ***сонатна форма*** или форма на ***сонатина***. Само пет од дванаесет сонати кои се прифатени како автентични, содржат ***спори ставови***.

- Со сонатата во е-мол бр. 19 (Hob. XVI:47) според музикологот Зомфаи, Хајдн започнал нов клавирски пристап. Во овој период Хајдн бил под музичко влијание на К. Ф. Е. Бах, поради што ја проширил формата и го продлабочил изразот. Сите сонати напишани од овој период па натаму, се вбројуваат во неговите зрели сонати.

***Соната бр. 19*** (Hob. XVI:47), прв став



- Со ***сонатата во Ес-дур*** бр. 29 (Hob. XVI:45) Хајдн покажал јасен пример на нов стил во сонатниот концепт. Сонатите стануваат подолги, а групата сонати бр. **28** до **33** формираат необична група на многу важни композиции.

***Соната бр. 29*** *(Hob. XVI:45)*, прв став



- Вкупно 36 сонати од зрелиот период на Хајдн се напишани во периодот од 1765 до 1794 година. Компонирани во период од три децении, тие формираат импресивна паралела со 18-те зрели сонати на Моцарт, компонирани од 1775 до 1789 година. Зрелите сонати на Хајдн покажуваат поголема разновидност во нивниот тип и стил, во споредба со сонатите на Моцарт. Само сонатите на К.Ф.Е. Бах поседуваат уште поголема разновидност во типот, во однос на тие од Хајдн.

- Според Зомфаи, од зрелите Хајднови сонати 25 може да се класифицираат во **седум главни типови**. Останатите 10 сонати се класифицираат како прототипови или мешани типови.
- Во ***првиот главен тип*** се вбројуваат триставните рани сонати бр. 30 (Hob. XVI:19), бр. 31 (Hob. XVI:46) и бр. 33 (Hob. XVI:20) напишани во *концертен стил*. Тие се предвесници на подоцнежните големи сонати и биле претежно наменети за професионални изведувачи. Ставовите се изградени во комплексна сонатна форма со бројни атрактивни теми и мотиви. Првиот став на сонатите е Moderato или Allegro moderato во 4/4 такт, вториот став е Andante или Adagio, а третиот е многу брз став Presto, Allegro assai или Allegro di molto. *Сонатата бр. 33* е меѓу најизведуваните.

***Соната бр.33*** *(Hob. XVI:20)*, прв став



- Во **вториот главен тип** припаѓаат двоставните камерни сонати бр. **20** (Hob. XVI:18) и бр. **32** (Hob. XVI:44). Тие се лирски и нивниот стил е сличен на empfindsamer Stil. Слободниот развој на музичките мотиви, богат со чувства и неочекувани паузи, изискуваат елоквентност и висок вкус од изведувачот. Рамнотежата на двата става во сонатите покажува највисок степен на мајсторство во компонирањето.

**Соната бр. 20** *(Hob. XVI:18)*, прв став



**Соната бр. 32** *(Hob. XVI:44)*, прв став



- На ***третиот главен тип*** им припаѓаат сонатите во ***дворски стил*** посветени на принцот Естерхази бр. **36-40** (Hob. XVI:21-25). Напишани се во 1773 година и имаат три става. Во однос на претходните Хајднови дела за пијано, овие композиции се поатрактивни за изведба. Поради живите контрасти во темпата и брзото движење на прстите, овие сонати изгледаат виртуозно, иако не се технички многу тешки. Почетните ставови се во сонатна форма, бавните втори ставови се вистинско Adagio, а третите ставови се Presto во сонатна или триделна форма.

**Соната бр. 36** *(Hob. XVI:21)*, прв став



**Соната бр. 37** *(Hob. XVI:22)*, прв став




**Соната бр. 38** *(Hob. XVI:23)*, прв став



**Соната бр. 39** *(Hob. XVI:24)*, прв став




**Соната бр. 40** (Hob. XVI:25), прв став



- На ***четвртиот главен тип*** им припаѓаат сонатите во ***дилетантен стил*** бр. 42 - 47 (Hob. XVI:27-32), компонирани во 1776 година. Создавањето на овие сонати претставувало нов предизвик за Хајдн, затоа што им биле наменети на виенските аматерски изведувачи кои музицирале за лично задоволство или за своите пријатели.

Сонатите имаат по три става. Во нив нема вистински Adagio ставови, бидејќи тоа барало повисок степен на изведба со добро познавање на орнаментиката. Вторите ставови се претежно во вид на менуети, како што е случај со неговите рани сонати (divertimento). Двете сонати во кои вторите ставови не се менуети, имаат последни ставови напишани во форма на варијации со Tempo di Menuet. Последните ставови на останатите сонати се во темпо Presto.

*Соната бр. 42 (Hob. XVI:27)*, прв став




Соната бр. 43 (Hob. XVI:28), прв став




*Соната бр. 44 (Hob. XVI:29)*, прв став



*Соната бр. 46 (Hob. XVI:31)*, прв став




*Соната бр. 47 (Hob. XVI:32)*, прв став



- На ***петтиот главен тип*** сонати им припаѓаат ***дилетантните сонати во концертен стил*** бр. 48 – 52 (Hob. XVI:35-39), како ревизија на четвртиот главен тип. Во ова време Хајдн се спријателил со многу талентирани музичари аматери од Виена. Меѓу нив биле и сестрите Катарина и Мариане Ауенбругер, кои како аматери демонстрирале високо ниво на изведба.
- Хајдн го препознал значењето на овие музичари при формирањето на музичкиот вкус кај поширокатa виенска публика. Компонирајќи за талентираните сестри, Хајдн ги зголемил техничките барања во композициите и создал брзи ставови, кои иако бараат вежбање оставаат голем впечаток. Така настанала оваа група сонати, која била посветена на талентираните сестри Ауенбругер. Во овие сонати Хајдн вовел нов тип на бавни ставови, од кои некои имаат и кратки напишани каденци. Последните ставови се претежно брзи ронда или менуети. Генерално, постои голема разновидност во стиловите на оваа група сонати и секоја од нив поседува свои индивидуални црти.

*Соната бр. 48 (Hob. XVI:35)*, прв став




*Соната бр. 49 (Hob. XVI:36)*, прв став



*Соната бр. 50 (Hob. XVI:37)*, прв став




*Соната бр. 51 (Hob. XVI:38)*, прв став




laydn: Piano Sonata in E flat major, Hob.XVI:38 - Walter Klien, 1959 - VOX SVBX 575
attacca:

*Соната бр. 52 (Hob. XVI:39)*, прв став



- Во ***шестиот главен тип*** припаѓаат ***сонатите за дами*** (Damensonaten) бр. 54 (Hob. XVI:40), бр. 55 (Hob. XVI:41), бр. 56 (Hob. XVI:42), бр. 58 (Hob. XVI:48) и бр. 59 (Hob. XVI:49). Во 18 век се сметало дека инструментите со клавиши, посебно пијанофортето, биле поадекватни за женските музичари аматери, додека машките аматери претпочитале да свират на виолина, виолончело или флејта. Хајдновите сонати се компонирани за одредени дами кои специфично музицирале и содржат деликатни лични пораки. Во овие сонати преовладуваат „женски“ префинети емоции, кои се сметаат за голема Хајднова иновација.
- Прототип се *сонатите Bossler бр. 54-56* посветени на принцезата Марија Херменегилд Естерхази. Овие сонати сѐ уште се апстрактни на начин кој е соодветен за одреден друштвен контекст.

*Соната бр. 54 Bossler (Hob. XVI:40)*, прв став




*Соната бр. 55  Bossler (Hob. XVI:41)*, прв став




*Соната бр. 56 Bossler (Hob. XVI:42)*





- *Сонатата бр. 58* не носи никаква посвета, но сепак нејзиниот прв став јасно припаѓа на сонатите за дами.

*Соната бр. 58 (Hob. XVI:48)*, прв став




- *Сонатата бр. 59* е инспирирана од пријателството со Маријана фон Генцингер. Бавниот став Adagio од *сонатата Genzinger*, претставува најјасен „портрет", кој Хајдн некогаш го компонирал. Многу е веројатно дека *Варијациите во еф-мол*, се компонирани како резултат на смртта на г-ѓа Генцингер на 26 јануари 1793 година.

*Соната бр. 59 Genzinger (Hob. XVI:49)*, прв став



*Соната бр. 59 (Hob. XVI:49)*, втор став
(портрет на Маријана фон Генцингер)
прва печатена верзија од 1791 година




Haydn | Piano Sonata No. 59 in E flat major, Hob. XVI:49 - Ronald Brautigam

- На ***седмиот главен тип*** сонати им припаѓаат двете големи ***концертни сонати*** бр. **60** (Hob. XVI:50) и бр. **62** (Hob. XVI:52). Посветени се на Тереза Јансен Бартолоци. Во тоа време Хајдн го искусил свирењето на англиското фортепијано. Ова му влијаело врз начинот на компонирање. Првите ставови Allegro, во однос на сè што Хајдн до тогаш напишал, се исклучително брилијантни. Во првиот став на *сонатата бр. 60*, Хајдн за прв пат напишал ознака за педал и тоа на две места. Во ставот Adagio на *сонатата бр. 62*, Хајдн го создал концертниот стил на спорите ставови. Крајните ставови се еднакво успешни во нивната виртуозност.

Соната бр. 60 (Hob. XVI:50), прв став




такт 72-75 со ознака за педал



*Соната бр. 62 (Hob. XVI:52)*, прв став




*Соната бр. 62 (Hob. XVI:52)*, втор став

